Ванчо ЃОРЃИЕВ

# СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТИ

**1.** Кон крајот на април 1903 година, Солун бил потресен од силни атентати. Нивни реализатори биле десетина анархисти, кои симболично се нарекле гемиџии.[1] Корените и идејното оформување на гемиџиите се во директна врска со тајниот кружок во Пловдивската гимназија од 1896 година. Кружокот имал за цел ослободување на Македонија преку внатрешна револуција. Организатори и раководители на Кружокот биле Михаил Герџиков (син на директорот на Народната банка во Пловдив) и Петар Манџуков (внук од сестра на митрополитот Натанаил). Кружокот бил под влијание на руското народњаштво и нихилизмот. Поради немање на средства, двајцата организатори се одлучиле на кражба од своите најблиски. Тие ги украле и продале брилјантниот прстен на мајка му на Герџиков и орденот на дедо Натанаил. Кражбата била откриена, а тие исклучени од гимназијата. Така, пловдивската група била растурена. Таа се обновила во Казанлак, каде М. Герџиков и П. Манџуков го продолжиле школувањето.[2]

Во 1897 година, повеќе од членовите на Кружокот се нашле на студии во Женева. Меѓу нив: М. Герџиков, П. Манџуков, Јордан Колчев, Димитар Општински, Димитар Ганчев, Димо Николов, Григор Дочев и други. Покасно

---

[1] Според Ст. Симеонов, терминот „гемиџии“ бил алегоричен израз за специфичниот живот на групата. Тие шетајќи покрај солунскиот брег, често ги гледале еврејските рибари како ги вадат своите гемии на суво за да ги исчистат или поправат. Оттука сфатиле дека гемијата на суво е најсоодветна симболика за нив. (Ст. Симеоновъ, Солунското съзакятие 1896-1903, София, 1921, 5, белешака 1); Според П. Шатев, под „гемиџии“ се подразбирале оние што се простиле со животот, од кои не се очекува ништо добро, кои се пуштени во широкото море да успеат, или да ја извадат својата гемија на суво. (Павел Шатев, В Македония под робство, редакция Юрдан Анастасов, София, 1968, 84.) Според Ст. Аврамов, терминот „гемиџии“, означува група луѓе кои се простиле од животот и го пуштиле својот брод во немирното море, кој или ќе го изведат среќно на брегот, или ќе се разбие во карпите. (Стефанъ Аврамовъ, Солунското съзакятие, Ил. Илинденъ, V/5(45), София, 1933, 4.). Последното објаснување на гемиџиите го прифатил и Х. Силянов. (Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, 247, белешка 1). Меѓутоа, Петар Манџуков тврди дека П. Шатев на терминот „гемиџии“, му дал романтичарски карактер. Според Манџуков, велешанецот-Тодор Богданов, поради својата убавина били задеван од другарите. Така Владимир Пингов често му велел „Тоде, ајде да те качам на кајче! Двајцата со тебе да станеме гемиџии“. Со постојаното задевање на Т. Богданов во таа смисла терминот „гемиџии“ добил статус на „граѓанство“ и заеднички прекар за сите од солунската група. (Петар Манџуков, Предвесници на бурата, т. III, Скопје, 1999, 128-129).

[2] Х. Силяновъ, цит. дело, т.1, 244; П. Манџуков, Предвесници на бурата т. I, Скопје 1997, 15-21.

под нивно влијание паднал Славе Мерџанов. Тие во Женева воспоставиле контакт со руските револуционери. Под нивно влијание идејно се оформиле како анархисти.[3] Притоа започнале да го издаваат весникот „Отм‘штение“ (Одмазда).[4] Оформувајќи се како Македонски таен револуционерен комитет (МТРК), тие издале Апел.[5] Во почетокот на февруари 1898 Апелот бил растуран сред македонската емиграција во Бугарија и странските дипломатски претставништва.[6] Во приложената Програма кон Апелот се потенцира дека МТРК е природна последица од околностите во кои се наоѓа *„македонскиот народ“*.[7] Дека цел на МТРК е „целосно одделување во политички и административен однос на Македонија и Одринскиот вилает од султановата држава“.[8] Првата точка од Програмата предвидува *„Полна независност и најширока слобода за македонскиот народ да си создаде управа каква што тој сака“*.[9] Притоа, населението да се определи самостојно „без никаков странски притисок“.[10]

Средствата и начинот за постигање на така зацртаната цел се опишани во едно писмо од П. Манџуков до К. Кирков од 18.07.1898, година. Во него меѓу другото пишува: „Нашиот несреќен македонски народ е изложен на безброј несреќи и понижувања од Турците ... Далеку позагрижувачки е поведението на Европа, која за сметка на своите сомнителни интереси го заборава својот долг кон еден мал народ во срцето на светот. Ми се чини дека наша должност во моментот е борбата да ни биде свртена кон таа Европа, која одлучува за судбината на нашиот народ, а потоа борбата со Турците ќе биде дури беспредметна. Чинам дека треба да сториме сè, да ја заболи Европа, удирајќи ја по џебот за да се свести дека и другите поробени луѓе имаат право на живот и слобода“.[11] Според Манџуков, „македонскиот народ ... не може да се ослободи со едно востание ... Ние сакаме да жртвуваме сопствени, а не народни животи ... Ние сакаме повремено да предизвикуваме судири ... и преку нашата крв да го свртуваме вниманието и симпатиите на ‘човекољубивата’ Европа ... македонското прашање ќе може ... да се реши само ако ние водечките Македонци ... постојано предизвикуваме безредици“.[12]

---

[3] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 244-245.

[4] Види: Данчо Зографски, Македонскиот таен револуционерен комитет и „Отм’штение“, Скопје, 1954.

[5] Ангелъ Диамандиевъ, Константинъ Антоновъ (Вълчо), Ил. Илинденъ, VI/5 (55-56), София, 1934, 30-31; П. Шатев, В Македония под робство..., 72; Х. Силянов, цит. дело, т.1, 245. За Апелот на МТРК вид: В. Ѓорѓиев, Апелот на Македонскиот таен револуционерен комитет од 1898 година, ГИНИ, XXXV/1-2, Скопје, 1991.

[6] В. Ѓорѓиев, Апелот на Македонскиот таен револуционерен комитет..., 135.

[7] Исто, 148.

[8] Исто, 149.

[9] Исто.

[10] Исто. Според П. Шатев, Апелот бил печатен во печатницата на Сидуардски во Париз, што е очигледна грешка. (П. Шатев, В Македония под робство..., 72.) П. Манџуков, категорично тврди дека Шатев згрешил, бидејќи Апелот бил печатен во печатницата на Кузма Сидуардски во Женева, а не во Париз. (П. Манџуков, Предвесници на бурата т.III, 127).

[11] Крсте Битоски, Солунските атентати, Скопје, 1985, 29-30.

[12] Исто, 30.

За реализација на Програмата на МТРК биле потребни средства. Затоа со ждрепка бил извлечен Григор Дочев, кој требало да замине во Бугарија и да обезбеди пари. Неговите обиди биле неуспешни. Поради тоа во Бугарија биле испратени Герџиков и Мерџанов. По првата средба со нив, Дочев чувствувајќи морална одговорност поради неисполнетата обврска се самоубил. На Герџиков и Мерџанов им пошло од рака да го врбуваат поштенскиот службеник Стефан Михов, со чија помош преку фалсикувани чекови успеле да извлечат 4000 до 5000 лева. Со тие пари, С. Мерџанов бил испратен во Македонија.[13]

**2.** С. Мерџанов во Солун успеал да врбува неколку ученици велешани. Меѓу нив биле: Јордан Поп Јорданов (Орцето), Константин Ив. Кирков, Тодор Богданов, Илија Трчков, Владимир Пингов и други. По тримесечно другарување со нив, Мерџанов ги заразил со анархистичките погледи. Така, групата почнала идејно да се оформува. Нивните идеали се поклопувале со идеалот на сите Македонци- реформи и автономија. [14]

Како анархисти, гемиџиите манифестираат самостојност и индивидуалност. Тие гледаат критички кон другите, а пред сè, кон ТМОРО. За нив се важни делата и ефектот. Со малку човечки жртви да се постигнат големи ефекти.[15] Гемиџиите сметале дека најголем ефект можело да се постигне со директно загрозување на интересите и капиталот на големите сили во Империјата преку терористички акции. Од друга страна, преку материјалните и човечките жртви Империјата постојано да се држи во неизвесност.[16]

Врз тие начела кон групата се присоединиле: Димитар Мечев, Тодор Органџиев, Георги Богданов, Илија Поп Јорданов и Милан Арсов. Нешто подоцна кон нив пристапиле: Павел Шатев, Марко Бошнаков, и Димитар Коштанов.[17]

Во 1899 година С. Мерџанов, Јордан П. Јорданов и К. Кирков, разработиле план за изведување атентати во повеќе градови на Европска Турција. Меѓутоа, главен проблем биле средствата. Оттука се раѓа идејата за божемно киднапирање на К. Кирков и Т. Богданов, чии родители биле побогати.[18] Татко му на Богданов, насетувајќи ја играта одбил да плати. Меѓутоа, Кирков дал 200 лири. Повеќето од нив биле потрошени додека траеле преговорите за откуп.[19] Кон крајот на 1899 год., велешкиот митрополит Авксентиј, покренал акција за доброволни прилози за изградба на камбанарија на црквата „Св. Пантелејмон" и железната црква „Св. Стефан" во Цариград. Тогаш гемиџиите започнале контраагитација дека народните пари е подобро, наместо за камбанарии и цркви, да се трошат за обнова на училишта и просветни цели.[20]

---

[13] П. Манџуков, Предвесници на бурата ... т. I, 22-24; Х. Силянов, цит. дело, т.1, 245-246.

[14] Исто.

[15] Александаръ Кипровъ, Солунскиятъ централенъ комитетъ на В\;трешната македонска революционна организация, Ил. Илинденъ, III/ 3(23), София, 1930, 16.

[16] П. Шатев, Солунското съзаклятие, Македонско Дело, II/40, 25.04.1927, 9.

[17] С. Аврамовъ, Солунското съзаклятие..., 4.

[18] Исто.

[19] П. Шатев, В Македония под робство..., 74.

[20] Ст. Симеоновъ, Солунското съзаклятие..., 7.

Во исто време со помош на Д. Мечев и содејство на учителот Прнаров, било грабнато детето на Весови, од каде што Организацијата добила 200 лири.[21]

**3.** Кон крајот на 1899 година, Б. Сарафов, со значајна финансиска помош ги ангажирал С. Мерџанов, П. Манџуков и П. Соколов.[22] Тие заминале за Цариград со намера да го убијат султанот Абдул Хамид II, додека оди на молитва. По проучување на околностите се покажало дека планот бил неостварлив.[23] Тогаш, кај Мерџанов се раѓа идејата за кревање во воздух на Отоманската банка со поставување на експлозив под нејзините темели. Со посредство на Димитар Љапов и Симеон Трајчев биле придобиени Нанчо и Калчо Стојанови од Ресен. Калчо, изнајмил магацински простор спроти Банката, од каде што требало да почне прокопувањето на подземниот тунел.[24] Истовремено, Мерџанов во договор со Б. Сарафов, подготвил сличен план за филијалата на Отоманската банка во Солун. За таа цел, Мерџанов го повикал во Цариград Јордан П. Јорданов и го запознал со планот.[25]

По враќањето во Солун, Орцето ги повикал другарите од Велес: К. Кирков, И. Трчков, В. Пингов и Т. Органџиев. Нешто подоцна кон нив бил привлечен Димитар Коштанов од Г. Џумаја, кој дотогаш бил на располагање на ЦК како терорист и Павел Шатев од Кратово.[26] Спроти зградата на Отоманската банка во Солун, била изнајмена берберница. Оттаму започнало копањето на подземниот канал до темелите на Банката. Улогата на „бербери" ја играле В. Пингов и И. Трчков.[27] На тој начин кртовите ја почнуват подземната работа во Солун и Цариград. Вообичаено копаат по двајца во смена. За осветлување, најчесто се користат свеќи. Потребниот кислород во каналите се обезбедува со ковачки мевови. Ископаната земја се изнесува внимателно во торби.

Б. Сарафов, кој бил во контакт со гемиџиите, тајната за нивната работа ја чува за себе. На 16.05.1900 год., тој го информирал Врховниот комитет (ВК) за разговорите со С. Мерџанов. Комитетот го одобрил планот и одлучил да се извести ЦК во Солун. Во јуни, ВК го потпрашал ЦК на ТМОРО дали е согласен за поткопување и минирање на некои владини институции во поголемите градови како Цариград, Солун, Скопје и други. Првите сведенија за поткопувањето на Отоманската банка во Солун, ЦК ги добил во октомври 1900 година.[28] Тајната била разоткриена со посредство на Александар Кипров. Тој бил задолжен од Б. Сарафов да влезе во контакт со ЦК и гемиџиите, но да не открива веднаш за копањето на каналот. Подоцна, Орцето и Кипров тајната ја откриле пред Пере Тошев и Христо Матов.[29]

---

[21] Х. Силяновъ, цит,дело, т.1, 248.

[22] П. Манџуков, Предвесници на бурата..., Т.III, 13-16.

[23] П. Шатев, В Македония под робство..., 77-79; П. Манџуков, Предвесници на бурата..., т.III, 61-67.

[24] П. Шатев, В Македоня под робство..., 79-83; П. Манџуков, Предвесници на бурата...,т.III, 40-41, 75.

[25] П. Шатев, В Македония под робство..., 83-84.

[26] Исто, 84.

[27] Исто, 85.

[28] Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878-1903, Сифия, 1979, 238.

[29] А. Кипровъ, Солунския централенъ комитетъ..., 16.

Копањето на каналот во Солун, одело побрзо. Во Цариград, наишле на карпа и едвај напредувале од 12 до 15 сантиметри дневно. Поради тоа цариградските копачи им советувале на солунските да не брзаат многу. По барање од Цариград, таму бил испратен П. Шатев. За возврат во Солун бил испратен Ерменецот Кристи.[30] Набрзо по барање на цариградската група, копањето во Солун било прекинато времено, за да не се изложат на ризик додека привршиł цариградскиот канал. Копањето било запрено кај т.н. „Термопили", каде што наишле на подземни остатоци од антички градби. Еден дел од гемиџиите останале во Солун, а другите заминале дома.[31]

Во септември 1900 год., била осуетена акцијата во Цариград. Власта го арестувала доставувачот на динамит Ерменецот, Козаков. Како руски поданик, тој бил екстерниран за Русија, каде бил осуден.[32] Набрзо биле уапсени: С. Мерџанов, П. Соколов, П. Шатев и П. Манџуков. Најжестоко бил мачен Мерџанов, поради едно шифрирано писмо од ЦК во Солун. Сепак копачите останале докрај конспиратори. Подземниот канал не бил откриен. Власта ги третирала како обични комитаџии. По интервенција на бугарскиот дипломатски претставник И. С. Гешов, тие биле ослободени и протерани од Цариград.[33]

На нивно место во Цариград, ЦК ги испратил Александар Кипров и Димитар Коштанов.[34] За состојбата на цариградскиот канал, Кипров испратил шифриран извештај до Х. Матов во Солун. Овој извештај паднал во рацете на власта за време на Солунската афера. Со тоа дефинитивно бил осуетен планот во Цариград. Кипров, побегнал навреме, но настрадале изнајмувачите на магациниот Нанчо и Калчо Стојанови. Тие биле осудени на 101 година заточение. Поради таквиот развој на настаните, гемиџиите во Солун, ја напуштиле берберницата и го маскирале каналот со намера работата да ја продолжат откако ќе обезбедат динамит. [35]

**4.** По Солунската провала, откривањето на каналот во Цариград и паѓањето на Б. Сарафовиот ВК, положбата на солунските гемиџии се изменила. Тие останале без моралната поддршка на ЦК и финансиската од Б. Сарафов. Нивната работа била доведена во прашање. Обидот за финансиска поддршка од ВК на Михајловски-Цончев, бил безуспешен.[36] За да се дојде до пари Мерџанов и Соколов, формирале чета под водство на Георги Фотев и влегле во Одринско. Тие планирале да го нападнат и ограбат возот Ориент експрес. Обидот бил безуспешен. Веднаш потоа, фатиле едно турско бегче за откуп. Меѓутоа, четата била откриена и уништена. Соколов загинал во борбата, а Мерџанов и двајцата Ерменци биле фатени и обесени во Одрин.[37] Во

[30] П. Шатев, В Македония под робство..., 88-89; Кристи во Солун дошол под псевдонимот Ќосе Аристиди. Тој бил ангажиран за работа во берберницата.

[31] Х. Силяновъ, цит. дело, т.1, 250.

[32] П. Шатев, В Македония под робство..., 112-117; П. Манџуков, Предвесници на бурата..., т.III, 144.

[33] П. Шатев, В Македония под робство...., 117-153; П. Манџуков, Предвесници на бурата ... т.III, 149-180.

[34] Александаръ Кипровъ „Нововъ", Ил. Илинденъ, III/8 (28), София, 1930. 3; Х. Силянов, цит. дело, т.1, 251.

[35] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 251; П. Манџуков, Предвесници на бурата..., т.III, 212-217.

[36] П. Манџуков, Предвесници на бурата..., т.III, 235.

март 1902 година, Орцето се нашол во Женева, каде што од Б. Сарафов добил 10000 франци и ветување за 1000 килограми динамит.[38] Нешто подоцна, Г. Делчев им дал 5000 лева од мисстонките.[39]

Обезбедувајќи се со средства гемиџиите ја обновиле работата во Солун. Бидејќи „берберницата" од каде што почнувал каналот, била издадена, тие го изнајмиле соседниот дуќан. Тој бил уреден како бакалница, а како бакал бил ангажиран Марко Бошнаков од Охрид. Во меѓувреме Д. Мечев, безуспешно се обидел да започне со прокопување на канал под австриската пошта во Одрин.[40]

Гемиџиите дошле во отворен судир со актуелниот претседател на ЦК на ТМОРО Иван Гарванов. Неговото трпение кон нив било на границата. Гарванов побарал интервенција на Делчев, дури нивно протерување од Солун.[41] Затоа, Делчев го повикал Орцето на објаснување. Орце се заканил дека доколку на кој било од нив му се случи нешто, тие не ќе го бараат физичкиот убиец, туку ќе возвратат со убиство на некој од ЦК. Сепак, Делчев ги смирил духовите, ветувајќи разрешување на недоразбирањето со ЦК во Солун.[42] Делчев ги толерирал и потајно ги поддржувал гемиџиите, со тенденција да ги заузда. Од другата страна бил Б. Сарафов, кој формално се согласувал со Делчев, но всушност ги поттикнувал гемиџиите.[43] Во почетокот на јануари 1903 година, Делчев го предупредил А. Кипров да не прават лудории на своја глава, туку да делуват во согласност со Организацијата. За разговорот со Делчев, Кипров го известил Б. Сарафов. Последниот му рекол дека „со мудрување револуција не се прави" притоа му ги дал последните инструкции и 50 лири.[44]

Првите количини динамит во Солун пристигнале преку Цариград. Тој бил испраќан со посредство на велешанецот Милан Саздов, келнер во возот на релацијата Белград-Цариград. Во Цариград динамитот го складирале кај Унгарката Ана Шепец. Оттаму во Солун бил испратен во две буриња за риби.[45]

[37] Спомени на Дамянъ Груевъ, Борис Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, собщава Љ. Милетич, София, 1931, 71; К. Битоски, Солунските атентати..., 69.

[38] Спомени на Б. Сарафовъ..., 71-72; П. Шатев, В Македония под робство..., 224.; П. Манџуков, Предвесници на бурата..., т.III, 180-281. Меѓутоа кај Силјанов стои 10 000 лева. (Х. Силянов, цит. дело, т.1, 252). Веројатно поведувајќи се по него и К. Битоски прифатил дека станува збор за 10 000 лева. (К. Битоски, Соунските атентати..., 69).

[39] Спомени на Б. Сарафовъ..., 72. Во ноември 1902 Г. Делчев се сретнал со Д. Мечев и му дал 250 т. лири. Притоа Делчев го убедувал да не делуват изолирано, туку во согласност со Организацијата. (П.Шатев, В Македония под робство..., 305.)

[40] Х. Силяновъ, цит. дело, т.1, 252; Според П. Манџуков во Одрин било планирано поткопување на филијалата на Отоманската банка. (П. Манџуков, Предвесници на бурата..., т. III, 278.)

[41] Архив на Македонија (АМ), фонд (Ф), Гоце Делчев, микрофилм (мф) број 4236, л.1-3, шифрирано писмо бр.1; Во врска со тоа П. Шатев истакнува дека, И. Гарванов ги клеветел пред Делчев, дека тие во Кукуш, агитирале против Организацијата. (П. Шатев, В. Македония под робство..., 246). Тврдењето на Шатев се поклопува со писмата од ЦК до ЗП.

[42] П. Шатев, В Македония под робство..., 246-247.

[43] А. Кипровъ, Сигналтъ на революцията (Изъ моит' спомени), Ил. Илинденъ, III/4 (24), София, 1930..., 5.

[44] Исто, 5-6.

[45] П. Шатев, В Македония под робство..., 252-256.

Ветените 1000 килограми динамит од Б. Сарафов, биле испратени под форма на антифилоксерин во Дедеагач, каде што царинската контрола за разлика од Солун била послаба. За негово извлекување од царинарницата бил ангажиран Гркот Евангелијадис за 100 лири. Евангалијадис за тоа го информирал И. Гарванов, кој посакал да стави рака врз динамитот, а со тоа да ги контролира гемиџиите. Затоа, Гарванов побарал Евангелијадис динамитот да го предаде на човек посочен од него. Динамитот бил извлечен од царинарницата, но тој бил откриен и конфискуван. Евангелијадис побегнал за Атина.[46]

Последните количини динамит успешно биле пренесени по релацијата Ќустендил-Кочани-Велес-Солун. Во Кочани го прифаќал Тодор Александров. Тој го предавал на Тодор Органџиев, кој го доставувал до Велес. Таму со посредство на Атанас Малинкин, динамитот бил пакуван во канти за шарлаган и праќан со воз за Солун.[47] На тој начин гемиџиите обезбедиле 283 кг. динамит.[48]

Со обезбедувањето на динамитот, гемиџиите станале господари на ситуацијата. Каналот бил готов. Нетрпението за акција било огромно, а стравот од провала при готова работа уште поголем. Убедувањата на гемиџиите се коселе со начелата на Организацијата за масовно востание. Оттука, настојувањето на Г. Делчев и Д. Груев да ги убедат дека терористички акции треба да се усогласат со општиот план на Организацијата и да послужат како последно средство за притисок, не наишле на разбирање.[49] Од друга страна, некои непредвидени околности ги терале гемиџиите кон брзо делување. Во некои европски весници биле пренесени информации дека Организацијата има намера да изврши напад врз поголемите институции во Македонија, каде бил вложен европски капитал. Затоа власта презела мерки за обезбедување на таквите институции, меѓу кои и филијалата на Отоманската банка во Солун. Гемиџиите се смееле кога забележале дека стражарот пред банката стои токму врз поставениот експлозив.[50] Истовремено во близина на банката започнало раскопување на канализацијата. Тоа уште повеќе ги вознемирило гемиџиите.[51]

Непосредно пред атентатите ЦК размислувал за протерување на гемиџиите од Солун,[52] или нивна ликвидација.[53] Во последен момент, Орцето го из-

---

[46] Исто, 263-267; К. Битоски, Солунските атентати..., 78-79; Спомени на Б. Сарафовъ..., 72.

[47] С. Аврамовъ, Солунското съзаклятие..., 4; К. Битоски, Солунските атентати..., 83-84.

[48] АМ. ф. Бугарски генерален конзулат (БГК)-Солун, мф. 4278, No. 450.

[49] Хр. Коцевъ, Прелюдия на Илинденъ, Сб. Илинденъ, София, 1922, 46-48.

[50] П. Шатев, В Македония под робство..., 337.

[51] Исто, 337-338; Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.2, Куманово, 1996, 126; Според австрискиот конзул во Солун Рихар Хикел, раскопувањето на канализацијата започнало поради наезда од стаорци во хотелот „Коломбо". Тоа ги натерало гемиџиите да делуват порано од планираното. (Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, превод, редакција и коментар, Данчо Зографски, Скопје 1955, 37)

[52] Хр. П. Коцевъ, Прелюдия на Илинденъ..., 46.

[53] АМ, ф. БГК-Солун, мф. 4278, No. 487, 6.07. 1903. Шопов бил целосно информиран за односите помеѓу гемиџиите и ЦК. Неговите сведенија наполно коинцидират со твдењето на Хр. П. Коцев. Можеби Х. Коцев, бил извор за Шопов. Според извештајот гемиџиите биле финансирани од Б. Сарафов. ЦК ја предвидел катастрофата и сакал да преземе мерки. Затоа ЦК се поплакал на Делчев, но тој им дал да разберат дека треба да продолжат со работа.

вестил Гарванов дека тие ќе делуваат и го предупредил да преземат мерки на претпазливост.[54]

Стравот на гемициите од провала бил оправдан. Отворено е прашањето кој бил провалникот. Во извештајот од 10/23.04. 1903, А. Шопов вели дека конзулите во Солун имале сознанија оти наскоро во градот ќе има атентати со динамит врз општествените институции и дека за таа цел 12-мина меѓу себе влечеле ждрепка.[55] Еден ден пред атентатите францускиот конзул Стег го предупредил солунскиот валија. Притоа побарал да се превземат мерки за обезбедување на јавните институции и гасопроводот. Валијата бил предупреден и од директорот на Отоманската банка, кој имал сознанија дека за неа и Бошњак ан се подготвени напади со бомби. Меѓутоа, власта не превзела ништо посериозно.[56] Според еден извештај на австрискиот конзул од Солун, атентатите биле планирани три дена по Ѓурѓовден т.е. за 26.04./9.05.1903 година. Нив требало да ги изведат 12 души. Притоа требало да се нападнат: Конакот, Артилериската касарна, а можеби и други поважни згради во градот. Гласините потекнувале од „бугарски кругови" и не можело да се отфрлат како невозможни.[57] Дека атентатите биле планирани за 26.04 /9.05.1903 година, се потврдува од признанијата на уапсените гемиции.[58] Овие гласини допреле и до обичните граѓани. Така французинаката Писи, милосрдна сестра во француската болница во Солун во својот дневник запишала: „Се слушаат гласови дека денот на распалата меѓу кутриот македонски народ и Османлиите се готви за 9 мај. За тој ден се планираат атентати со динамитни бомби по различни пунктови по градовите и железниците. Меѓу првите на прво место доаѓа Солун ... Како ќе сврши овој потфат еднаков на самоубиство?".[59] Кој ги провалил планираните атентати останува нејасно. Меѓутоа, изненадува јавашлукот на власта и покрај конкретните предупредувања.

**5.** Единаесет дена пред планираното гемициите се огласиле во Солун. На 15/28.04.1903 во 11 часот и 15 минути пламнал паребродот „Гвадилкивир" на француската компанијата „Месажери Маритим".[60] Негов потпалувач бил патникот Павел Шатев, кој во паребродот се качил со пасош на име Георги Манасков од Ќустендил. Кога бродот почнал да се оддалечува од пристаништето, Шатев поставил неколку килограми динамит до неговите машини и успешно го активирал. Капетанот огласил тревога за спасување на патниците и багажот. Бродот успешно го напуштиле сите патници и екипажот. На патниците им

---

Непосредно пред атентатите тие се обратиле до ЦК и соопштиле дака биле принудени да делуват бидејќи останале без пари. ЦК ги убедувал да не превземат ништо и им дал 50 лири. Во последен момент ЦК бил информиран дека акциите ќе започнат. Тогаш ЦК донел одлука да ги ликвидира сите. Истиот извештај е сместен и во дневникот на Шопов. ( А. Шопов. Дневник, дипломатически рапорти и писма, София, 1995, 95.)

[54] Хр. Коцевъ, Прелюдия на Илинденъ..., 48.

[55] АМ. ф. БГК- Солун, мф. 4278, No. 265, 10.04.1903

[56] Исто, No. 292, 18.04.1903.

[57] Извештаи од 1903-1904 година на австриските претсатвници ...., 32-33.

[58] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.2, 126.

[59] К. Битоски, Солунските атентати..., 108.

[60] Македония.Сборник от документи и материали..., 447.

било соопштено, следниот ден да се јават во агенцијата за да го подигнат багажот и парите за билети.[61] Единствено патникот Манасков (Шатев), не се појавил во агенцијата. Момент доволен за сомнеж. Следниот ден тој бил уапсен на меѓународниот воз во Скопје и вратен во Солун.[62]

Вечерта на 15/28.04.1903 г., Д. Мечев, И. Трчков и М. Арсов, подметнале експлозив на возот Цариград-Солун.[63] Поради нестручното поставување на експлозивот, оштетувањата на шините и локомотивата биле незначителни.[64] Вистинските атентати допрва претстоеле.

Вечерта на 16/29 април, Солун потонал во темнина. Константин Кирков, со неколку килограми мелинит го разрушил мостот под кој минувале цевките од гасопроводот за осветлување и водоводот. Тоа било сигнал за почеток на другите. Тогаш, Д. Мечев и И. Трчков се обиделе да го кренат во воздух главниот резервоар во фабриката за осветлување. Во тоа биле спречени од чуварот, кој ги забележал и пукал по нив.[65]

Во бакалницата бил дежурен Јордан Поп Јорданов. По прекинот на осветлувањето, тој го запалил фитилот што се протегал до експлозивот под темелите на Отоманската банка. Таа за миг се претворила во урнатини. Во тој момент покрај Банката со пајтон минувал германскиот инженер Хекел, кој загинал.[66] Покрај банката настрадале еден полицаец и неколку гавази.[67] Еден ѕид од банката се урнал врз германскиот клуб и во дворот на соседниот хотел. При излегувањето од германскиот клуб од урнатините на банката бил повреден управникот на германскиот конзулат во Солун. На место загинал Швајцарецот Ото Трумплер, кој бил трговец, инаку француски поданик. Под урнатините на банката бил пронајден и трупот на еден ситен трговец со тутун. Во дворот на хотелот смртно бил ранет еден италијански шивач, а неговите две деца се здобиле со сериозни повреди. Околу банката и германскиот клуб биле ранети повеќе Германци и Австријци.[68]

Д. Мечев и И. Трчков, по неуспехот да го кренат во воздух резервоарот во фабриката за осветлување, се разделиле во различни правци. Притоа, Мечев фрлил две бомби во кафеаната „Egypt".[69] И. Трчков активирал една една бомба во поштата. Гавазот кој се обидел да ја исфрли активираната бомба, загинал кога таа експлодирала во неговите раце.[70] Веднаш потоа, Мечев и Трчков се забарикадирале во својот стан, каде имале цел склад бомби. Двајцата, фрлајќи бомби скоро цела ноќ им се спротивставувале на војската и полиција-

---

[61] П.Шатев, В Македония под робство..., 353-368.

[62] Македония. Сборник от документи и материали, София, 1978, 447; П. Шатев, В Македония под робство..., 373-378.

[63] П. Шатев, В Македония под робство..., 384.

[64] Извештаи од 1903-1904 год. на австриските претставници во Македонија..., 35.

[65] П. Шатев, В Македония под робство..., 358.

[66] Исто, 386.

[67] АМ. БТА Солун, мф. 4301, No. 296, 18.04.1903 Солун; Македония, Сборник от документи и материали..., 449.

[68] Македония, Сборник от документи и материали..., 449.

[69] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 257-258.

[70] К. Битоски, Солунските атентати..., 121; Македония, Сборник от документи и материали..., 449.

та. Откако ги завршиле бомбите, двајцата се самоубиле. Во текот на борбата активирале 40 до 60 бомби.[71]

Најмладиот гемиција, Милан Арсов, фрлил една бомба во кафеаната „Алхамбра". Бидејќи фитилот бил прилично долг, гостите побегнале додека бомбата експлодирала.[72] Притоа загинал еден служител.[73] Истата ноќ, „берберот" Владимир Пингов, со малку бертолова сол и едно шише течен фосфор се обидел да го потпали Бошњак ан. Оттаму се упатил кон станот на Д. Мечев и И. Трчков. Патем бил сопрен од војската. Во обидот да фрли бомба кон нив, В. Пингов бил убиен.[74] Истата ноќ, К. Кирков фрлил бомба пред Гранд Хотел,[75] а Георги Богданов, пред кафеаната „Нoњо", каде што немало жртви.[76]

Ноќта помеѓу 16 и 17/29-30 април 1903 година, Солун бил потресен од две силни детонации на експлозив и многу други од бомби. Таа ноќ загинале тројца од атентаторите: Д. Мечев, И. Трчков и В. Пингов.[77]

Следниот ден 17/30 април, по кратко затишје, бомбите одново одекнале. Овој пат се огласил Орце, кој почнал да фрла бомби по војската од својот стан. Откако фрлил 11 бомби, го извадил сопствениот револвер и извикал: „Ете, вака умира јунак!" и се самоубил.[78] Разбеснетите војници се впуштиле да го унакажат неговиот труп. Во тоа ги спречил Хусеин ефенди, со зборовите: „Убиениот нека ви служи за пример, како треба да се жртвувате и да умирате за татковината".[79]

Истиот ден Цветко Трајков, ( 40-50-годишна возраст) се обидел да го убие солунскиот валија Хасан Фехми-паша. Тој бил спречен од телохранителите на валијата да се доближи до неговиот пајтон. Тогаш, Цветко се оддалечил малку, извадил една бомба, ја активирал и седнал врз неа. Таа го разнела пред очите на валијата.[80]

Последна активност пројавил К. Кирков. Проблематичен е датумот на неговата акција. Изгледа тоа било на 3 мај 1903.[81] Тој се обидел да влезе во телеграфската станица под изговор дека ќе испраќа телеграма. Притоа стражарот го запрел и побарал да го претресе. Во тој момент Кирков се обидел да активира бомба, но стражарот бил побрз и го прободел.[82]

**6.** Според францускиот конзул Стег, успехот на гемициите се должи на „слепоста на полицијата", која ги „затворала очите" дури при сериозни сигнали и предупредувања. Полицијата се грижела само да ги „прикрие сопстве-

---

[71] Исто.; Х. Силянов, цит.дело, т.1, 258; П. Шатев, В Македония под робство..., 385.

[72] К. Битоски, Солунските атентати..., 122; Х. Силянов, цит. дело, т.1, 257.

[73] АМ, ф. БГК-Солун, мф. 4301, No.296. 18.04.1903; Македония, Сборник от документи и материали..., 448.

[74] П. Шатев, В Македония под робство..., 388.

[75] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 257.

[76] П. Шатев, В Македония под робство..., 386.

[77] Исто, 388.

[78] К. Битоски, Солунските атентати...,123-124; Според Шатев, Орцето бил убиен од војниците. П. Шатев, В Македония под робство..., 389.

[79] П. Шатев, В Македония под робство..., 389.

[80] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 259.

[81] Види: К. Битоски, Солунските атентати..., 124-125, Според Шатев, К. Кирков дејствувал на 30 април. (П. Шатев, В Македония под робство..., 389.)

ните грешки". Стег сепак потенцира дека тешко било да се делува против решителни луѓе кои го жртвуваат сопствениот живот.[83] За нормализирање на ситуацијата во Солун била прогласена воена состојба.[84] Во градот бил воведен полициски час, кој почнувал по заоѓањето на сонцето. Солунскиот гарнизон бил засилен со воени сили од М. Азија.[85]

По минирањето на банката, генералните конзули на Франција, Италија и Англија тргнале кон валијата. Него го сретнале на пат кон банката заедно со австроунгарскиот конзул. Валијата ветил дека ќе стори сè што може, за да ги заштити нивните поданици. Тие побарале да се спречи вмешувањето на турското население во нередите.[86]

Во моментот на атентатите солунските касарни биле полупразни. Во градот имало два баталјона низами, неколку кавалеристи и половина баталјон редифи „непоправливи грабачи" од Приштина. Меѓутоа, во пристаништето експресно пристигнале 2 баталјона редифи од Смирна.[87]

Ноќта на 29 април во Солун започнале масовни апсења и масакри. На удар се нашло македонското егзархиско население. Колежот траел до пладне на 30 април 1903 година.[88] Масакрите ги извршила војската, со помош на муслиманското население, Грците и Евреите, кои служеле како поткажувачи. Х. П. Коцев за тоа пишува: „Турци, Грци и Евреи, развикани како да гонаат бесно куче, штом видат Бугарин викаат: 'Тутунус! комитлар!' (Дрште го! комита), па му се пуштат од горе, Турците со штиковите од пушките, а Грците и Евреите ... со дрва и камења. Го пребиваат човекот и умрел не умрел го фрлаат на колата при другите".[89] Педесетина Арнаути, поделени во 5-6 групи, предводени од фанатизираните муслимани убивале по улиците и куќите.[90] Притоа, не биле поштедени ниту оние што побегнале пред толпата и се засолниле во куќите на странските поданици. Во куќата на еден француски поданик, пред неговите очи, биле заклани тројца граѓани кои се засолниле таму.[91] Полицискиот комесар Атанас-ефенди Еницевардарлијата со 20 војници, влегол во куќата на Лазо Тиквешки. Двајцата негови синови (едниот на 17, а другиот на 18 годишна возраст), биле заклани пред очите на родителите и нивната братучетка Менка. По наредба на комесарот, Менка била застрелана со куршум во ногата. Поради повредата, ногата ѝ била ампутирана. Куќата на Лазо била опљачкана.[92] Група војници ја нападнале и опљачкале Вардарската црква.

---

[82] П. Шатев, В Македония под робство..., 389; К. Битоски, Солунските атентати..., 124-125.

[83] Македония, Сборник от документи и материали..., 452-453.

[84] АМ, ф. БГК-Солун, мф. 4278, No.317, 23.04.1903.

[85] Македония, Сборник от документи и материали..., 453.

[86] Исто, 448.

[87] Исто.

[88] С. Дракул, Македонија меѓу автономијат и дележот..., т.II, 163.

[89] Хр. Коцевъ, Прелюдия на Илинденъ..., 52.

[90] К. Битоски, Солунските атентати..., 130-131.

[91] Македония, Сборник от документи и материали..., 449; АМ, ф. БГК Солун мф. 4278, No. 292, 18.04.1903.

[92] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.II, 130-131. На 21.04 1904, Менка поднела жалба до генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша, во која се пожалила поради својата неработоспособност поради ампутираната нога и побарала полицискиот комесар Атанас-ефенди

Притоа бил убиен свештеникот Димитар, а настрадал еден руски монах и неколку граѓани.[93]

Според рускиот дипломатски претставник Н. Гирс, војската, башибозукот, жандармеријата и полицијата, варварски се пресметале со незаштитеното население.[94] Атентатите им дале можност на солунските Грци и Евреи да се пресметаат со соперниците Македонци. Тие отворено застанале на страна на власта при прогонот и масакрот. Грците составувале списоци и ги доставувале на власта. Еден таков список Хилми-паша му покажал на Гирс. Во него се нашле имиња на лица од Серес и Драма, кои немале ништо заедничко со настаните, ниту пак со Внатрешната организација. Тие биле денунцирани бидејќи развиле силни трговски врски во центрите на грчката пропаганда. Евреите, сметале дека така ќе се ослободат од своите соперници во трговијата. За нив, евентуалната промена на положбата во Македонија поради активноста на Македонците, значела губење на благопријатната положба создадена под закрила на Турците.[95]

Масакрот во Солун запрел околу пладне на 30 април по интервенција на валијата.[96] Претходно кај валијата интервенирал францускиот конзул.[97] Самиот валија поминал низ градот и апелирал да се прекине крвопролевањето. Тој издал наредба да се прекине убивањето на цивилите, а оружјето да се примени против оние што ќе даваат отпор. Во таа смисла неколку офицери во попладневните часови презеле конкретни мерки во градот.[98]

Дипломатските извештаи од Солун се единствени во констатацијата дека не можел да се утврди бројот на убиените. Бројката се движела од 35 до 300 души. Официјалната бројка била од 30 до 40 души, колку што биле погребани на егзархиските гробишта. Според Стег, оваа бројка воопшто не била реална, бидејќи лично видел околу 20 трупови како се пренесуват со коли. Според него пореална била бројката од 112 души за која се зборувало. Стег го поставува прашањето што станало со труповите, кои не биле погребани на гробиштата. Така пред очите на еден Германец и Италијанец, бил убиен еден свештеник, а сепак свештеникот не бил погребан.[99] Според рускиот претставник Гирс, бројот на убиените не можел да се утврди, но станувало збор за стотина. Според него, труповите на убиените, ноќе биле извлекувани со коли, но не било познато каде биле закопани. Само мал дел биле погребани на егзархиските гробишта.[100] Според еден извештај од Бугарското трговско агентство, тогаш биле убиени околу 100 души.[101]

За смирување на положбата, делумно влијаело и демонстративното појавување на странските воени бродови во Солунското пристаниште. Најпрво се

да ѝ плати за да си стави вештачка нога, или државата да ѝ одобри пензија. (Исто.)

[93] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 259.

[94] С. Дракул, Македонија меѓу автономијат и дележот..., т.II, 114-115.

[95] Исто, 227-228.

[96] Исто, 163.

[97] АМ, ф. БГК- Солун мф. 4278, No. 292.

[98] Македония, Сборник от документи и материали..., 450.

[99] Исто.

[100] С. Дракул. Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. II, 164.

[101] АМ, ф. БГК- Солун, мф. 4278, No. 317, 23.04.1903.

појавиле австроунгарски, потоа италијански и германски бродови.[102] Станува збор за десет воени бродови со вкупно 3 530 души екипаж со 239 орудија. Овој воен потенцијал внел ведрина и надеж кај Македонците и воздржаност кај Турците. Христо П. Коцев, член на ЦК, во врска со тоа пишува: „Неколку црни мечки се појавија на хоризонтот и влегуваа во заливот стрелајќи ги вообичаените салви. Од Еди куле им одговараа на поздравот. Потоа разбрав дека тоа било италијанската ескадра ... Еден-два часа потоа, нови грмежи ми го привлекоа вниманието и видов десетина нови мечки ... малку потоа ете ти уште толку ... разбрав дека работата на Турција ѝ е спукана: автономијата на Македонија доаѓаше. Се збудалев од радост ... Турците ја сварија кашата! ... тие веднаш престанаа да колат и убиваат... По улиците во чаршијата, локви крв насекаде. За да не видат Европејците ги натераа Циганите да ги измијат локвите, издадоа заповед да се отвори чаршијата и објавија дека секој е слободен да си ја гледа работата".[103]

Портата брзо реагирала пред претставниците на големите сили со образложение дека нивното воено присуство во Солунското пристаниште дополнително ќе ги поттикне христијаните на бунт. Тие ветиле дека бродовите ќе се повлечат, но власта треба да го спречи колежот на цивилното население, а виновниците да ги казни според законот.[104]

**7.** Солунските атентати ѝ дале широка можност на власта за пресметка со македонското револуционерно национално-ослободително движење, не само во Солун, туку ширум Македонија. Како што е проблематичен бројот на убиените, така е проблематичен и бројот на арестуваните. Претресите и арестите во Солун, започнале истовремено со атентатите. Првите 2-3 дена во Солун биле арестувани околу 300 души, меѓу кои се нашле сите повидни граѓани, трговци и учители.[105] По неколку дена стотина од нив биле ослободени.[106] Во средината на јуни во солунските затвори, во врска со атентатите се наоѓале околу 400 души од разни места во вилаетот.[107] Според официјалните податоци од главниот инспектор Хилми-паша, во солунскиот затвор имало 382 затвореници, во скопскиот 281 и 461 затвореник во битолскиот затвор.[108] Според К. Би-

---

[102] Според К. Битоски, кој се повикува на Х. П. Коцев, на 1 мај пристигнала италијанската ескадра, а потоа австриски и француски воени бродови. (К. Битоски, Солунските атентати..., 132). Меѓутоа според еден извештаите на БТА во Солун прво пристигнала австриската ескадра, а италијанската се очекувала за следниот ден. АМ. ф. БГК Солун, мф. 4278. No. 292 и 299. Во Солунското пристаниште пристигнале следните воени бродови: *1. Австриски*: „Виена" со 456 души екипаж и 24 орудија, „Будимпешата" со 466 души екипаж и 28 орудија, „Магнет" со 80 души екипаж и 6 орудија. *2. Италијански*: „Сардегна" 750 души екипаж и 60 орудија, „Морозини" 467 души екипаж и 35 орудија, „Гарибалди" 517 екипаж и 34 орудија, „Карло Алберто" 486 екипаж и 42 орудија. „Минерва" 125 екипаж и 10 орудија, „Калатафими", 125 екипаж и 10 орудија. 3. *Германски:* „Лорели" со 58 души екипаж. (В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода -краят на XIX и началото на XX век. Нови документи, София, 1995, 193-194).

[103] Х. Коцевъ., Прелюдия на Илинденъ..., 54.

[104] Исто.

[105] АМ, ф. БГК-Солун мф. 4278, No. 299, 19.04.1903, No. 307, 20.04. 1903 и No. 309, 21.04.1903.

[106] Исто, No. 313, 23.04.1903.

[107] Исто, No. 511, 14.06.1903.

[108] К. Битоски, Солунските атентати..., 158.

тоски, во Солунскиот вилает биле уапсени околу 900 души, во Битолскиот околу 850, и во Скопскиот 500 души, или вкупно, околу 2200 души.[109] Според истиот, кон крајот на јуни по затворите во трите вилаети имало околу 600 души.[110] Според Х. Силјанов, во текот на овие настани биле арестувани околу 2000 души, а 353 од нив биле изведени пред суд.[111]

Од атентаторите биле уапсени: Павел Шатев, Георги Богданов, Милан Арсов и Марко Бошнаков (Стојанов). За нивното судење бил формиран специјален Воен суд. Негов претседател бил Едип-паша, а членови: Расим-паша (артилерискиот полковник), Сахбан беј, кавалерискиот потполковник Омер беј, Ештреф беј, Неџмедин Шевкет, артилерискиот мајор Џемаил беј од генералштабот и иследникот Хусеин-ефенди. На 4 мај Етхем-паша пристигнал од Цариград во Солун.[112]

Судот најмногу признанија извлекол од Георги Богданов, кој бил умопоболен. Тој ги посочил имињата на сите гемиџии, што учествувале во атентатите и нивните задолженија. М. Бошнаков (Стојанов), признал дека Шатев, пред потпалувањето на „Гвадилкивир“ се обезбедил со експлозив и учествувал во копањето на тунелот. Кога бил прашан, како успеале да прошверцуваат толку динамит, Марко одговорил дека не треба да се чудат зашто на турските чиновници им платил 300 лири. М. Арсов признал дека учествувал во копањето на тунелот, дека припаѓа кон гемиџиите и дека фрлил бомба. М. Арсов и Г. Богданов, признале дека Гарванов бил претседател на ЦК на ТМОРО, а Димитар Мирчев секретар. Двајцата потврдиле дека имале контакти со Гарванов, Делчев и Сарафов, кои финасиски ги поддржувале и дека со помош на Сарафов обезбедиле динамит. Единствено П. Шатев негирал сè, дури и својот идентитет. Тој упорно опстојувал на варијантата дека е Георги Манасков од Ќустендил. Кога го довеле татко му од Кратово, за да го потврди неговиот идентитет, Павел, се одрекол од сопствениот татко велејќи дека не го познава.[113]

На 24 мај (ст. стил), 1903 година Воениот суд донел смртна пресуда за Павел Шатев, Георги Богданов, Марко Бошнаков и Милан Арсов. При објавувањето на пресудата од здравствени причини не присуствувал Георги Богданов. Останатите пресудата ја ислушале ладнокрвно. Притоа биле поканети странските конзули, но место нив, присуствувале нивните драгомани.[114] Според пресудата, гемиџиите дошле во Солун за да извршат атентати, против жителите на градот, банките и државните институции со цел да ја променат формата на управување во румелиските вилаети.[115] Претседателот на Судот истакнал дека за другите обвинети ќе има одделен судски процес. Како такви

---

[109] Исто, 159.
[110] Исто.
[111] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 263.
[112] Исто, No. 309. 21,04.1903; No.312, 22.04.1903.
[113] АМ, ф. БГКЂ Солун, мф. 4278, No.450, мај 1903; No. 580,15.07.1903; No. 710, 2.09.1903 ; No. 355, 4.05.1903; No. 374, 9.05.1903.
[114] Исто, No. 438, 25.04. 1903.; В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.I 1878-1912 част втора, София, 1996, 417.
[115] В. Георгиев и С. Терифонов, История на Българите..., 419.

биле издвоени 50 души, меѓу кои 8-мина учители од солунската гимназија на чело со Иван Гарванов.[116]

Со тек на времето, работата на Воениот суд се усложнила. Според Гирс, конфузната состојба произлегувала од недоразбирањата помеѓу претседателот на Воениот суд и валијата. Последниот плашејќи се да не предизвика сложени политички процеси во граѓанските судови, сите дела против обвинетите за револуционерна дејност ѓи препраќал до Воениот суд. Меѓутоа, Воениот суд одбивал да ги покрене овие дела со образложение дека тој имал наредба да ги суди само обвинетите за атентати.[117]

Специјалниот Воен суд осудил 35-мина, од кои 4 на смрт, а останатите на разни временски казни. Делата против 29-мина биле испратени на редовните судови, 23 биле оправдани, а за делата на 266 души воениот суд се произнел како некомпетентен.[118] Од осудените најголем дел биле Велешани и Кукушани, блиски роднини и пријатели со гемиџиите. Тие биле осудени затоа што имале врски со нив. Меѓу нив бил и татко му на Јордан Поп Јорданов, осуден само затоа што бил негов родител.[119] Без причина на 5 години заточение, биле осудени Иван Велков и Георги Битраков.[120]

Специјалниот Воен суд бил затворен на 19 јули (ст. стил). Притоа, делата против 29-мина ги препратил до солунскиот валија. Меѓу нив биле: И. Гарванов, Д. Мирчев, И. Сапунаров, директорот на солунската гимназија Георги Радев, Д. Кондов, Ј. Кондов, К. Самарџиев и други.[121] Точно по еден месец, за разгледување на нивните дела по заповед од Цариград бил формиран вонреден суд. Негов претседател бил Омер Љутви-ефенди (претседател на солунскиот Апелационен суд), а членови биле: Костантинди-ефенди (муавин на солунскиот валија), Сали-ефенди (член на солунскиот Идаре меџлис), Исан ефенди и Али Риза беј (двајцата членови на солунскиот Апелационен суд).[122] Овој

---

[116] Исто.

[117] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. II, 239-240.

[118] АМ. ф. БГК-Солун, мф. 4278, No. 567, 11.07,1903.; Кај Силјанов стои малку поинаков распоред на овие бројки. Според него биле осудени 33 лица. Силјанов веројатно не ја вклучил пресудата на 2 лица, кои бил протерани по своите родни места. Поаѓајќи од тука, тој изнесува дека биле оправдани, 25 души. Всушност, тоа биле 23. (Види: Хр. Силянов, цит, дело, т. 1, 264.) Воениот суд ги осудил ***на смрт:*** Павел Шатев, Марко Стојанов, Георги Богданов и Милан Арсов. ***На вечен затвор:*** Алекса Тошев Минев од Велес и Никола Димитров Јорганџиев; ***На 15 години:*** Христо Георгиев Хаџи Зулфов од Кукуш, Гоце Николов Тишин, Андон Георгиев Тренче и Кочо Димов Јовов од Кукуш; ***На 10 години:*** Петруш Георгиев Хаџи Зулфув од Кукуш, Никола Тенчев Бочваров-Кукуш, Гоце Андонов Икономов-Кукуш, Никола Сечков, Иван Лазов Бошков и Илија П. Јорданов тројцата од Велес. ***На 6 години:*** Свештеникот Георги од Градобор, Атанас Георгиев од Кукуш; ***На 5 години заточение на Родос :*** Иванчо Велков од Кавадарци, Михаил Ѓошев од Скопје, Костадин Битраков од Охрид; ***На 3 години:*** Борис Кртов- Велес, Јордан Ташев Хаџи Зулфов-Кукуш, Саздо Серафимов-Велес, Иван Петров Попјорданов-Велес, Ѓоше П. Јорданов, Петар Поп Јорданов, ***На 5 години затвор:*** Илија Малинкин-Велес, свештеник Лазо Јорганџиев, Тодор Иванов Панов; ***На 8 години заточение на Родос:*** Георги Ефтимов, Георги Савов и Ефрем Хаџи Пејков. (АМ. ф. БГК-Солун, мф.4278, No.617, 26, јули 1903.)

[119] Х. Силянов, цит. дело, т.1, 265.

[120] АМ, ф. БГК-Солун, мф. 4278, No. 598, 21.07.1903.

[121] Исто, No.560, 19.07.1903.

[122] Исто, No. 680, 19.08. 1903.

суд како членови на Централниот револуционерен комитет ги обвинил: И. Гарванов, Ј. Кондов, Д. Мирчев, Диме Ничев, Трајко Гочев, Никола Влахов, Христо Влахов и Мицо Пиргов.[123] Делото против нив било разгледано на 4/ 17.09.1903 година. Со исклучок на Никола Влахов и Мицо Пиргов кои биле оправдани, останатите биле осудени на вечен затвор. Истиот ден на вечен затвор биле осудени 16 селани од Богородица и Петричко.[124]

Гемиџиите останале во солунскиот затвор, очекувајќи го исполнувањето на смртната пресуда. Подоцна таа им била заменета со доживотно заточение. Во мај 1906 година, тие биле одведени во Фезан, Африка. Таму во почетокот на 1908 од болест починале Марко Бошнаков и Милан Арсов. Набрзо нивните черепи биле донесени во Македонија од П. Шатев и Г. Богданов, кои биле амнестирани со Младотурската револуција.[125]

Гемиџиите биле бескрајни идеалисти. Тие и со смртта сакале да бидат корисни на ослободителното дело и татковината. Така непосредно пред атентатите, Орце се осигурил во друштвото „Њујорк“ на 10.000 франци, на име Симеон Радев. Притоа, го замоли Радев парите да ги предаде на Сарафов, зошто тој им дал 10 000 франци и ги помагал на разни начини. Орце не сакал да остане должен. Во писмото до Радев, Орце меѓу другото пишува: „Пред неколку месеци се осигурав на 10 000 златни франци, сума која по мојата смрт ќе ти биде исплатена. Сакам и со мојата смрт да бидам во полза на делото, за кое живеев, работев и ќе умрам-делото за ослободувањето на нашата скапа и сакана Македонија.„ [126]

[123] Исто, No. 629, 30.07.1903.
[124] Исто, No. 716, 5.09.1903.
[125] К. Битоски, Солунските атентати..., 210-215.
[126] Исто, 207-208.